**20210751150**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 23 став 5 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 229/20), министерот за образование и наука донесе

## КАЛЕНДАР ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА КАЛЕНДАРОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА ВО ЈАВНИТЕ СРЕДНИ УЧИЛИШТА

Член 1

Во Календарот за организација на учебната 2020/2021 година во јавните средни училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 55/21), по членот 6 се додава нов член 6-а, кој гласи:

„Член 6-а

Екстерните испити од државната матура во гимназиското образование и четиригодишното стручно образование, заради вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), во јунскиот испитен рок се спроведуваат во следните дополнителни термини:

- македонски јазик и литература, албански јазик и литература, односно турски јазик и литература на 25 јуни 2021 година со почеток во 10 часот;
- англиски јазик, француски јазик, германски јазик, руски јазик и математика на 28 јуни 2021 година со почеток во 10 часот.

Екстерните испити од државната матура во уметничкото образование заради вонредни околности, во јунскиот испитен рок се спроведуваат во следните дополнителни термини:

- македонски јазик и литература, албански јазик и литература, односно турски јазик и литература на 25 јуни 2021 година со почеток во 10 часот;
- англиски јазик, француски јазик, германски јазик, руски јазик, филозофија и естетика на 28 јуни 2021 година со почеток во 10 часот.“

Член 2

Овој календар влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-5755/1
31 март 2021 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
**Мила Царовска**, с.р.